ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 05-559/1
12-03- 2026 год.
ОБЛЕШЕВО

Предлагач: Градоначалник на ЕЛС Чешиново -Облешево
Јорданче Костадинов - Градоначалник

Изготвувач: Одделение за финансии при
ЕЛС Чешиново - Облешево

Претставник: Ивана Минова-Богданова - Раководител на одделение за финансиски прашања

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА

ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

Март 2026 година

Содржина:

- **Вовед**

- **Годишна сметка / наративен дел**

- **Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност**

- **Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотации за делегирани надлежности**

- **Извештај за користење на средствата од резервите**

- **Извештај според чл.34 став 2 алинеја 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа**

- **Прилози**

- **Биланс на приходи**

- **Биланс на расходи**

- **Посебен дел**

1. Вовед

1.1 Основни податоци за Општината

Општина Чешиново-Облешево се наоѓа во најнискиот рамничарски предел од Кочанско Поле. Зафаќа простор во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во подножјето на планините Осогово и Плачковица. Општината зазема средишна позиција помеѓу поголемите градски општини Кочани, Штип и Пробиштип. Преку главната сообраќајница Штип-Кочани-Делчево, општината се поврзува со Р. Бугарија.

Општина Чешиново-Облешево зафаќа територија од 133,5 км2, на која се протегаат следните населени места: Чешиново, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Чифлик, Кучичино, Бурилчево, Уларци, Жиганци, Бања, Врбица, Новоселани и Лепопелци. Седиштето на општината е во Облешево.

Целокупниот регион на општината е поделен на рамничарски дел - обработливо земјиште 6.618 ха и планински дел - шуми 1.045,3 ха. Просечната надморска височина во општината изнесува 338 метри.

Општина Чешиново-Облешево се карактеризира со висок степен на стопанска развиеност и има извонредна основа за перспективен економски развој. Тука се лоцирани и стопанисуваат повеќе индустриски и преработувачки капацитети,а во наредните години треба да се изградат и нови, за што веќе се откупени локации.

Граѓаните на Општина Чешиново – Облешево се занимаваат претежно со земјоделие и тоа со производство на ориз.

1.2 Буџет и Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Чешиново – Облешево за 2025 година беше донесен на седница на Советот на Општина Чешиново – Облешево , која се одржа на 25.12.2024 година и почна да се извршува од 01.01.2025 година. При неговото изготвување беше користена стандардна процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја. Буџетот на Општина Чешиново – Облешево беше проектиран на 140.054.951 денари. Заедно со буџетот, на истата седница на Советот, е усвоена и Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2025 година.

Во текот на 2025 година се направени два ребаланси на Буџетот на Општината во месец Јули и Ноември. Со извршените измени, приходите и расходите на Буџетот беа изменети, односно зголемени на 163.627.166 во првиот ребаланс, и 164.984.881 во вториот ребаланс и две проширувања на буџетот во јуни и во декември. Причина за првиот ребаланс и вториот ребаланс поради измени во износот на блок дотацијата во основното образование и детската заштита и поради корегиран износ на дотација од ДДВ за 2025 година и одобрени проекти.

1. Годишна сметка


1. Приходи на Општината

1. Извршувањето на приходите на консолидираниот Биланс на приходи на Буџетот на Општина Чешиново – Облешево е во износ од 146.769.100 денари, што претставува извршување на приходите од 92,61 % од проектираните во Буџетот 168.880.557 денари.

Процентуалното учество на секој буџет посебно во консолидираниот Биланс на извршените приходи за 2025 година е следно:



2. Извршувањето на приходите на основниот буџет на Општина Чешиново – Облешево е во износ од 60.847.126 денари, што претставува 81,01 % од вкупно проектираните 75.103.779 денари. Анализирајќи ги по видови приходите на основниот буџет, учеството на поодделните приходи е следен:



- Даночните приходи учествуваат со 12.518.374 денари, што претставуваат 20,57 % од вкупно остварените 60.847.126 денари.

Споредено со 2024 година кога беа остварени 13.637.079 денари, даночните приходи во 2025 година бележат намалување од 8,21 %.

- Неданочните приходи учествуваат со 1.316.222 денари, што претставуваат 2,16 % од вкупно остварените 60.847.126 денари.

Споредено со 2024 година, кога беа остварени 1.361.156 денари, неданочните приходи во 2025 година бележат намалување од 3,31 %.

- Трансферите и донациите учествуваат во основниот буџет со 41.809.718 денари, што претставува 68,71 % од остварените 60.847.126 денари. Поединечно, овие приходи потекнуваат од: Буџетите на фондовите-Агенцијата за државни патишта, Министерство за транспорт и врски, дотација по основ на приходи од ДДВ.

- Капиталните приходи учествуваат со 5.202.812 денари, што претставуваат 8,55 % од вкупно остварените 60.847.126 денари. Ова се приходи кои во најголем обем се остварени од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата,концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор и по основа на експлоатирана минерална суровина) уредување на правен статус на бесправно изградени објекти.


	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**75.103.779**	**60.847.126**
71 Даночни приходи	**11.594.548**	**12.518.374**
711 Данок на доход, добивка и од капитални добивки	2.115.000	3.034.111
713 Даноци на имот	2.574.548	2.244.450
717 Даноци на специфични услуги	6.825.000	7.162.468
718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	80.000	77.345
72 Неданочни приходи	**1.397.000**	**1.316.222**

722 Глоби, судски и административни такси	295.000	269.550
723 Такси и надоместоци	700.000	619.573
724 Други владини услуги	2.000	0
725 Други неданочни приходи	400.000	427.099
73 Капитални приходи	**6.021.093**	**5.202.812**
733 Продажба на земјиште и нематер. вложувања	6.021.093	5.202.812
74 Трансфери и донации	**56.091.138**	**41.809.718**
741 Трансфери од други нивоа на власт	56.091.138	41.809.718
742 Донации од странство	0	0

Прилог 1 – Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи на основен буџет


2.2 Расходи на Општината

Извршувањето на расходите на консолидираниот биланс на расходи на Буџетот на Општина Чешиново – Облешево за 2025 година е во износ од 143.093.908 денари, што претставува 84,73% од проектираните 168.880.557 денари .



Извршувањето на расходите на основниот буџет е во износ од 59.883.438 денари, што претставува 79,73 % од планираните 75.103.779 денари.

Анализирајќи го по видови, учеството на поодделните расходи во вкупните расходи на основниот буџет е како што следува:



- Плати и надоместоци, реализирани се расходи во износ од 17.065.609 денари, што претставува 93,5 % од планираните 18.251.800 денари. Во вкупно реализираните расходи за 2025 година, платите и надоместоците учествуваат со 28,49 %.

- Резерви и недефинирани расходи. Во буџетската 2025 година се реализирани 212.055 резерви и недефинирани расходи , а беа планирани 750.000 денари за извештајниот период. Во вкупно реализираните расходи за 2025 година, резервите и недефинираните расходи учествуваат со 1,25 %.

- Стоки и услуги, реализирани се расходи во износ од 15.602.991 денари, што претставува 79,08 % од вкупно планираните 19.730.270 денари или 26,06 % од вкупните трошоци на основниот буџет.

- Каматни плаќања, не се реализирани расходи по основ на каматни плаќања а се планирани 5.000 денари или 0% од вкупните трошоци на основниот буџет.

- Субвенции и трансфери, реализирани се расходи во износ од 2.412.806 денари или 89,29% од вкупно планираните 2.702.100 денари за 2025 година. Во однос на вкупно реализираните расходи на основниот буџет за 2025 година, овој вид на расходи учествува со 4,02 %.

- Социјални бенефиции, реализирани се расходи во износ од 55.000 денари или 91,66 % од вкупно планираните 60.000 денари за 2025 година. Во однос на вкупно реализираните расходи за 2025 година, овој вид на расходи учествува со 0,09 %.

- Капитални расходи, реализирани се расходи во износ од 21.567.951 денари или 70,59 % од планираните 30.549.609 денари. Во однос на вкупно реализираните расходи на Буџетот за 2025 година, овој вид на расходи учествува со 36,01 %.

- Отплата на главница,реализирани се расходи во износ од 2.967.026 денари или 97,12% од планираните 3.055.000. Овој вид на расходи учествува со 4,95% во вкупно реализираните расходи од Основен буџет.

Прилог 2 – Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи на Основен Буџет

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	**75.103.779**	**59.883.438**
40 Плати и надоместоци	**18.251.800**	**17.065.609**
401 Основни плати и надоместоци	11.297.000	10.730.109
402 Придонеси за социјално осигурување	4.264.800	4.131.692
404 Надоместоци	2.690.000	2.203.808
41 Резерви и недефинирани расходи	**750.000**	**212.055**
412 Постојана резерва(непредвидливи расходи)	400.000	0
413 Тековни резерви (разновидни расходи)	350.000	212.055
42 Стоки и услуги	**19.730.270**	**15.602.991**
420 Патни и дневни расходи	149.000	93.175
421 Комун. услуги, греење, комуник. и транспорт	8.125.000	7.192.478
423 Материјали и ситен инвентар	1.477.000	796.404
424 Поправки и тековно одржување	1.910.000	1.845.695
425 Договорни услуги	3.131.270	2.161.913
426 Други тековни расходи	1.338.000	958.877
427 Привремени вработувања	3.600.000	2.554.449
45 Каматни плаќања	**5.000**	**0**
452 Каматни плаќања кон домашни кредитори	5.000	0
46 Субвенции и трансфери	**2.702.100**	**2.412.806**
461 Субвенции за јавни претпријатија	1.236.100	1.069.435
463 Трансфери до невладини организации	25.000	20.000
464 Разни трансфери	1.246.000	1.156.270
465 Исплати по извршни исправи	195.000	167.101
47 Социјални бенефиции	**250.000**	**55.000**
471 Социјални надоместоци	250.000	55.000
48 Капитални расходи	**30.549.609**	**21.567.951**
480 Купување на опрема и машини	204.640	174.640
481 Градежни објекти	20.000	0
482 Други градежни објекти	30.283.162	21.393.311
483 Купување на мебел	0	0
485 Вложувања и нефинансиски средства	41.807	0
486 Купување возила	0	0
49 Отплата на главнина	**3.055.000**	**2.967.026**
493 – Отплата на главнина	3.055.000	2.967.026

Прилог 2 – Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи на Основен Буџет

2.3 Буџет на наменски и блок дотации

- Извршувањето на приходите на Билансот на Блок дотации е во износ од 78.172.251 денари или 98,18 % од планираните 76.747.698 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	***86.532.619***	***83.173.099***
74 Трансфери и донации	*86.532.619*	*83.173.099*
741 Трансфери од други нивоа на власт	*86.532.619*	*83.173.099*

ПРИЛОГ 3 – Табеларен преглед на приходи од блок дотација

2.4 Расходи на блок дотации

- Извршувањето на расходите на Билансот на расходи од блок дотации е во износ од 80.427.690 денари или 92,94 % од планираните 86.532.619 денари.

-Учеството на поодделните видови на расходи во вкупно реализираните расходи за извештајниот период е следно:

- Плати, и надоместоци, реализирани се расходи во износ од 49.667.024 денари, или 97,18% од планираните 51.104.900 денари.

- Стоки и услуги, реализирани се расходи во износ од 8.965.817 денари или 73,94% од планираните 12.125.249 денари. Во однос на вкупно реализираните расходи од дотации за 2025 година овој вид расход учествува со 11,14 %.

- За субвенции и трансфери реализирани се расходи 520.601 денари од планирани 981.400 денари што значи 53,04% искористување.

- За капитални расходи се реализирани 754.231 денари, што е 64,18 % од планираните 1.175.000 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	**86.532.619**	**80.427.690**
40 Плати и надоместоци	**72.250.970**	**70.187.041**
401 Основни плати	51.104.900	49.667.024
402 Придонеси за социјално осигурување	19.847.820	19.282.817
404 Надоместоци	1.298.250	1.237.200
42 Стоки и услуги	**12.125.249**	**8.965.817**
420 Патни и дневни расходи	75.000	0
421 Комун. услуги, греење, комуник. и транспорт	3.582.300	2.388.676
423 Материјали и ситен инвентар	2.320.731	1.839.377
424 Поправки и тековно одржување	1.766.590	1.302.356
425 Договорни услуги	2.985.100	2.560.779
426 Други тековни расходи	747.000	508.729
427 Привремени вработувања	648.528	365.900
46 Субвенции и трансфери	**981.400**	**520.601**
464 Разни трансфери	981.400	520.601
48 Капитални расходи	**1.175.000**	**754.231**
480 Купување на опрема и машини	450.000	202.029
481 Градежни објекти	0	0
482 Други градежни објекти	55.000	0
483 Купување на мебел	670.000	517.202

ПРИЛОГ 4 – Табеларен преглед на расходи од блок дотација

2.5 Буџет на самофинансирачки активности

- Извршувањето на Приходите на Буџетот на самофинансирачки активности во програмите Н1 – Основно образование и В1 - Детска градинка се во износ од 2.606.780 денари, што претставува 53,41% од планираните 4.880.000 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**4.880.000**	**2.582.875**
72 Неданочни приходи	**3.997.073**	**2.390.571**
723 Такси и надоместоци	3.957.746	2.322.144
725 Други недано□ни приходи	39.327	68.427
74 Трансфери и донации	**882.927**	**182.304**
741 Трансфери од други нивоа на власт	882.927	182.304

ПРИЛОГ 5 – Табеларен преглед на приходи од самофинансирачки активности

2.6 Расходи на самофинансирачки активности

- Извршувањето на расходите на Билансот на расходи од самофинансирачки активности е во износ од 2.606.780 или 53,41 % од планираните 4.880.000 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	**4.880.000**	**2.606.780**
42 Стоки и услуги	**4.688.320**	**2.603.580**
420 Патни и дневни расходи	3.500	320
421 Комун. услуги, греење, комуникации и транспорт	297.320	211.872
423 Материјали и ситен инвентар	1.579.500	644.217
424 Поправки и тековно одржување	215.000	159.760
425 Договорни услуги	288.000	166.912
426 Други тековни расходи	280.000	189.111
427 Привремени вработувања	2.025.000	1.231.388
46 Субвенции и трансфери	**40.680**	**0**
464 Разни трансфери	40.680	0
48 Капитални расходи	**151.000**	**3.200**
480 Купување на опрема и машини	80.000	3.200
481 Градежни објекти	50.000	0
482 Други градежни објекти	21.000	0
483 Купување на мебел	0	0

ПРИЛОГ 6 – Табеларен преглед на расходи од самофинансирачки активности

3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност

3.1 Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност

3. 1- а Основни средства

Со извршениот попис на основните средства и ситниот инвентар на 31.12.2025 година, констатирано е дека вредноста на основните средства и ситниот инвентар (целокупниот имот на општината) изнесува 304.826.466 денари. Во извештајот за извршениот попис, кој веќе е усвоен од страна на Советот на општината, се поместени подетални податоци за активностите поврзани со пописот и евидентирањето на општинскиот имот. Податоци во врска со вредностите на истиот се поместени во билансот на состојба, кој е составен дел на овој извештај.

1-б Парични средства

Во текот на 2025 година, преку благајната на општината се исплатени разни сметки (прехрамбени продукти,поштенски услуги,клучеви,патент..), евидентирани во 5 благајнички извештаи. Во текот на годината, во благајната се примени 37.000 ,00 денари, од кои се потрошени 36.182,00 денари додека 818,00 денари се вратени на буџетската сметка. Салдото на 31.12.2025 година изнесува 0 денари.

3.1 - в Побарувања

Во сметководството на Општината, со состојба на 31.12.2025 година се евидентирани побарувања по разни основи во вкупен износ од 12.882.406 денари. Поединечно овие побарувања се однесуваат на: побарувања од граѓаните по основа на неплатени даноци и такси за минати години, побарувања по основ на закупнини и други побарувања; побарувања од фирмите и вршителите на дејност за неплатени комунални такси и камати по истата основа ;побарувања од разни институции. Подетални податоци за побарувањата на општината се дадени во извештајот на централната пописна комисија.

3.1 - г Обврски

На 31. 12. 2025 година општина Чешиново - Облешево должи, по разни основи и кон разни добавувачи за набавени стоки и услуги, износ од 38.473.985 денари.

3.1 - д Извори на средства и нивни вредности

Склучен договор за реализација на проектот Изградба на пречистителна станица на фекална канализација во с.Чифлик, II фаза помеѓу Биро за регионален развој и општина Чешиново-Облешево на износ 2.000.000 денари кој ќе се реализира во 2026 година.

Склучени договори со Министерство за транспорт и врски и Министерство за Животна средина по основ на повеќе проекти кои ќе се реализираат во 2026 година.

Извештај за реализација на инвестиционите програми, донациите и дотациите.

Во усвоениот Буџет на општина Чешиново-Облешево за 2025 година има осум развојни програми, како трет-развоен дел. Развојни програми се за реконструкција на улици и канализационен систем во с.Соколарци. Сите активности (од инвестиционен и тековен карактер) се реализирани преку усвоени 18 редовни програми.

Поголем дел од активностите се наведени во овој извештај во делот извори на средства и нивни вредности. Освен наведените извршени се поправки на одредени патишта,чистење на одводни канали и сл.

Преглед на потрошените средства по одделни намени,односно средства, е даден во Билансот на приходи и трошоци, кој е составен дел на овој извештај.

2. Извештај за користење на средствата од резервите

Во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година се планирани средства за постојана и тековна резерва.

Тековната резерва (сметка 413110) во буџетот на општината за 2025 година беше утврдена на 350.000,00 денари, од тековните резерви се реализирани 212.055 денари. За приклучок на електрична енергија на ЈПКД Облешево во с.Кучичино се исплатени 67.964 денари, финансиска помош на жртвите од пожарот е исплатена во износ од 88.888 денари, исплатени се 26.883 денари за гориво во с.Кучичино (кражба на кабел од водовод), поради поплавите на територија на Чешиново-Облешево исплатено е 28.320 за транспорт на багер на Соколови транспорт за багерот на АД Водостопанство. Постојана резерва (412110) е утврдена на 400.000,00 денари, од овиа сметка нема реализацијата за 2025 година.

3. Извештај во согласност со чл. 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

Во согласност со чл.34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, јас Ивана Минова-Богданова со ЕМБГ 0509986495002, вработена во општина Чешиново-Облешево, на работно место Раководител на одделение за финансиски прашања, под морална и материјална одговорност, го давам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Според цитираната законска одредба, Одговорниот сметководител до Советот на општината поднесува извештај во кој гарантира за точноста и веродостојноста на завршната сметка.Тоа претпоставува дека одговорниот сметководител континуирано врши контрола на работата и на останатите лица кои ги подготвуваат и создаваат финансиските документи во општината.

Таквата контрола беше присутна секојдневно и во секој сегмент од работата на одговорниот сметководител во текот на 2025 година.Согласно законската регулатива и интерните акти (Процедура за проток на документи во општина Чешиново-Облешево; Правилник за благајничко работење; Правилник за доделување на социјална помош, Методологија за распределба на блок дотациите во образованието; Сметководствените политики и останатите интерни акти на општината),се вршеше проверка на финансиските документи уште при нивниот прием. Откако се констатираше дека документите се формално и финансиски исправни, одговорниот сметководител ќи прифаќа истите и констатираше дека може да се изврши плаќање.

Доколку некој документ не беше формално или финансиски исправен или комплетен му се враќаше на комитентот на докомплетирање или исправка.

Контрола се вршеше и при трошењето на парите од благајната на општината, при што секоја исплатена сметка поединечно е прегледана од страна на одговорниот сметководител.

Одговорниот сметководител ги следеше и јавните набавки, при што нивните финални финансиски документи доаѓаа на одобрување кај него.

И покрај наведеното, потврдувам дека податоците искажани во билансите и шемите од Завршната сметка на Буџетот на општина Чешиново-Облешево и во сите други документи што се составен дел на Годишниот извештај на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, произлегуваат и соодветствуваат со оние искажани во сметководството, кои пак се базираат на соодветни документи.

Извештајот го изготвува Ивана Минова-Богданова - Раководител на одделение за финансиски прашања.

Општина Чешиново – Облешево
Градоначалник

_____

Март, 2026 година
Облешево

Раководител на одделение за финансиски прашања
Ивана Минова-Богданова

_____